# Комесар за човекови права

**Комесарот за човекови права е независна институција во рамки на Советот на Европа, која има мандат да ја унапредува свеста и почитувањето на човековите права во 47 земји членки на Советот на Европа.**

---

Иницијативата за основање на институцијата ја дадоа шефовите на држави и влади на Советот на Европа на Вториот самит кој се одржа во Стразбур на 10-11 октомври 1997. На 7 мај 1999, Комитетот на министри ја усвои резолуцијата со која се воспостави канцеларијата на Комесарот и се разработи мандатот на комесарот. Првиот комесар, г-дин Алваро Гил-Роблес, беше на оваа позиција од 15 октомври 1999 и 31 март 2006, додека пак сегашниот комесар, г-дин Томас Хамарберг, ја презема функцијата на 1 април 2006.

---

Основните цели на комесарот за човекови права се утврдени со Резолуцијата (99) 50 на Советот на Европа за комесарот за човекови права. Според оваа резолуција, комесарот има мандат:

- да поттикнува ефективно почитување на човековите права, и помош за земјите членки во спроведувањето на стандардите на Советот на Европа за човекови права;
- да се унапредува едукацијата и свесноста за човековите права во државите членки на Советот на Европа;
- да идентификува можни слабости во законот и праксата во однос на човековите права;
- да ги олеснува активностите на институциите на националните правобранители и други структури за човекови права; и
- да дава совети и информации за заштита на човековите права ширум регионот.

Оттаму, работата на комесарот се фокусира на поттикнување на реформски мерки за постигнување на мерливи подобрувања во областа на унапредување и заштита на човековите права. Бидејќи тоа не е судска институција, канцеларијата на комесарот не може да постапува по поединечни приговори, туку комесарот може да извлекува заклучоци и да презема поголеми иницијативи врз основа на веродостојни информации за повреда на човековите права од која страдале поединци.

Комесарот соработува со бројни меѓународни и национални институции, како и механизми за мониторинг на човековите права. Најзначајните меѓувладини партнери на канцеларијата на комесарот се Обединетите нации и нејзините специјализирани канцеларии, Европската унија и ОБСЕ. Канцеларијата, исто така тесно соработува со водечки НВОи за човекови права, универзитети и тинк тенкови.

## *Канцеларија на комесарот за човекови права*

Совет на Европа
F-67075 Strasbourg Cedex, FRANCE

☎ + 33 (0)3 88 41 34 21
🖷 + 33 (0)3 90 21 50 53